Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:______
Рок на чување:______год.
______20___год.
Потпис,
______

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Тетовски Театар
Institucioni Nacional Teatri I Tetovës
Примено: / Pranuar: 19.01.2024
Орг. един.: / Nj. org.: 03- | Број: / Numër: 15/2 | Прилог: / Shtoicë: | Вредност: / Vlera:

**Ип 1 бр. 57-2**
**Датум: 12.01.2024 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа Тетовски театар–Тетово | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Маршал Тито“ б.б., Тетово | |
| Адреса за е-пошта | teatritetoves@gmail.com | |
| Телефон | 070 661 882 | |
| Матичен број на субјектот | 6205097 | |
| Даночен број на субјектот | 4028007153917 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180106031360313 | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме:<br>Абдула Османи, директор | Телефон<br>070 661 882 | Е-пошта<br>teatritetoves@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 09.01.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 09.01.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа Тетовски театар–Тетово | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра: 90.04) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Маршал Тито“ б.б., Тетово | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Наредбата ИП1 бр. 57-2 од 05.01.2024 г., издаден од министерот за култура.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), во работењето на Националната установа Тетовски театар–Тетово **(во натамошниот текст: Театар)**.

Основ: член 82 став (1) од Законот за културата, и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019) **(во натамошниот текст: ЗИН)**.

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор не е употребена листа за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Абдула Османи, директор | 070 661 882 | teatritetoves@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | Исмаил Ќерими, раководител на Сектор за материјално-финансиски работи, поранешен в.д. директор на Театарот | 072 248 133 |
| 2. | Беким Смаили, актер, поранешен директор на Театарот | 071 226 286 |
| 3. | Вилдан Идризи, раководител на Одделение за административни, општи и правни работи | 071 337 222 |
| 4. | Санијe Мемети, технички секретар-архивар | 071 730-245 |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

10.1 - Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата **(во натамошниот текст: ЗК)**, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура бр. 44-4729/2 од 23.04.2021 г., Беким Смаили е избран за директор на Театарот, со мандат од 4 години, додека со Решение на министерот за култура бр. 02-9397/1 од 20.10.2023 г., Беким Смаили е разрешен од должноста директор на Установата.
Со Решение на министерот за култура бр. 02-9397/2 од 20.10.2023 г., за в.д. директор на Театарот бил именуван Исмаил Ќерими, од редот на вработените, додека со . Решение на министерот за култура бр. 02-9397/3 од 27.12.2023 г., Исмаил Ќерими е разрешен од функцијата в.д. директор.
Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура бр. 44-11616/1 од 27.12.2023 г., Абдула Османи е избран за директор на Театарот, со мандат од 4 години.

- Согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-13171/3 од 02.12.2019 г., за членови на Управниот одбор од редот на вработените именувани се Исмаил Ќерими и Шпетим Беадини, со Решение на министерот за култура бр. 44-13171/9 од 12.12.2019 г., за членови на Управниот одбор од редот на истакнати поединци од областа на културата именувани се Анита Алии и Салајдин Салиху (претседател), додека со Решение на министерот за култура бр. 44-9861/3 од 18.02.2022 г., за член на Управниот одбор како претставник од локалната самоуправа именуван е Севим Весели Берзати.
Меѓутоа, според презентираната документација и изјавите на присутните лица, во текот на 2023 г. Управниот одбор не одржал ниту една седница, од причина што Претседателот Селајдин Салиху и членот Севим Весели Берзати воопшто не доаѓале на предвидените седници, додека Анита Алии во поголем дел од минатата година била на породилно отстуство.
Со Решение на министерот за култура бр. 44-8056/3 од 06.09.2023 г., за претседател на Управниот одбор од редот на истакнати поединци од областа на културата именувана е Бесарта Муртезани, меѓутоа, според изјавите на присутните лица, и покрај известувањата таа воопшто не дошла во Театарот да го прими Решението и не покажала интерес за учество во работата на Управниот одбор. Дополнително, со Решение на министерот за култура бр. 44-11148/1 од 13.12.2023 г., разрешени се членовите на Управниот одбор Анита Алии, Исмаил Ќерими и Шпетим Беадини, поради истек на мандатот за периодот за којшто биле именувани.
Со тоа, практично, Управниот одбор на Тетарот е нефункционален и нема кворум за работа, меѓутоа при надзорот е утврдено дека од страна на директорот на


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Установата не се дадени предлози до Министерството за култура за именување на нови членови и претседател на Управниот одбор, за да може тој орган да ги исполнува законски утврдените надлежности. При надзорот му е укажано на директорот Абдула Османи за потребата во најкус можен рок да достави предлог до Министерството за култура за именување на нови членови и претседател на Управниот одбор.

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Тетарот до МК има доставено Полугодишен финансиски извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.01.2023-30.06.2023 година бр. 05-212/1 од 01.08.2023 г. (заведен во МК под бр. 20-7579/1 од 03.08.2023 г.), додека, според изјавите на присутните лица, полугодишниот финансиски извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.07.2021-31.12.2023 година е во фаза на подготовка, по што ќе биде доставен до Министерството за култура.

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Театарот до МК ја доставил Нацрт–годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 02-179/1 од 30.06.2022 г. (заведена во МК под УП1 бр. 20-196 од 01.07.2022 г.), меѓутоа, без потребната согласност од страна на Управниот одбор, што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата. Театарот до МК ја доставил и Нацрт–годишната програма за работа на Установата за 2024 година под бр. 02-168/1 од 21.06.2023 г., меѓутоа, исто така без потребната согласност од страна на Управниот одбор.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањето на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека директорот на Тетарот нема донесено Годишна програма за работа, иако министерот за култура донел Решение УП1 бр. 20-196/2022 од 23.02.2023 година, коешто е доставено до Театарот.

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Театарот до МК


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

не доставил извештај за реализацијата на годишната програма за 2022 година. При надзорот е утврдено дека Театарот доставува извештаи за реализација на проектите по дејности, како и за материјалните трошоци за работа на установата за секоја година, вклучувајќи и за 2023 година, но не доставува единствен годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на националната установа, којшто треба да содржи спецификација **со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање**, што подразбира извештај и за приходите и за трошоците од сметката за самофинансирачки активности на Театарот.

- Согласно со обврската од член 77-л од ЗК уметниците од категорија А, да се оценуваат со спроведување на постапка за реаудиција на секои 3 години, врз основа на постапка спроведена од комисија што ја формира директорот на установата, по што директорот донесува решенија за реаудиција, при надзорот е утврдено дека Театарот не спровел постапка за реудиција.
Според изјавата на поранешниот директор Беким Смаили (којшто бил директор 2,5 години, во периодот од 23.04.2021 г. до 20.10.2023 г.), тој сметал дека реаудиција се однесува само на актерите коишто се вработени на определено време на 5 години, па планирал да спроведе реаудиција на крајот на 2023 г., но не успеал, бидејќи бил разрешен на 20.10.2023 година. Меѓутоа, од страна на инспекторот е посочено дека обврската за спроведување на реадиција согласно со ЗК се однесува на сите уметници-актери од категоријата А, односно, согласно со презентираната документација, за сите 34 вработени актери во Театарот, без оглед дали се вработени на неопределено или на определено работно време.
Инаку, поранешниот в.д. директор на Театарот Исмаил Ќерими (којшто бил в.д. директор само 2 месеца, во периодот од 20.10.2023 г. до 27.12.2023 г.), практично, не ни можел да спроведе реаудиција за актерите во Установата за толку кратко време, особено што веќе на 23.11.2023 г., од страна на Министерството за култура бил објавен јавен оглас за избор на директор на Театарот.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, според годишните договори за 2023 г. финансирана е дејноста на Театарот со средства во вкупен износ од **52.314.602** денари.

Средствата се преведени за следните намени:

- **плати, придонеси од плати и К-15** **48.007.162 денари**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- **програмски активности** **3.500.000денари**
- **материјални трошоци** **100.000 денари**
- **отпремнина** **67.440 денари**

Според Банковиот извод бр. 46 од 26.12.2023 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Театарот изнесувало 17.443 денари (11.118 денари од средствата за плати, придонеси и К-15, како и 6.325 денари од драмската дејност), коишто на 31.12.2023 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

**41–Драмска дејност**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Театарот за 2023 г. од областа на драмската дејност, бр. 20-1643/1 од 23.02.2023 г. и Анекс-договорот бр. 20-1643/1 од 18.12.2023 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Театарот му се одобрени и преведни средства во износ од **3.667.440** денари, од коишто **3.500.000** денари за проекти, **100.000** денари за материјални трошоци за работа на установата и **67.440** денари за отпремнини и парична помош.

Проектите од драмската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| I Програмски активности/претстави | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
| 1. | „Пеер Гинт од Балкан“-автор Јетон Незирај, режија Блерта Рустеми | 1.500.000 | 1.500.057 | **Проектот е реализиран со премиера на 22.06.2023 г.**<br>- Трошоци по авторски договори за режија, сценографија, костимографија, автор на текст, кореографија, композитор на музика, асистент режисер, тон мајстор и дизајн на светло (1.205.807 денари), како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, реквизити, шминка, печатење на плакати и постери, светло, телефон, сместување, угостителски услуги, разни материјали и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | „Осакатениот“- автор Мартин Мекдонау, адаптација и режија Фитим Селими | 700.000 | 694.190 | **Проектот е реализиран со премиера на 15.12.2023 г.**<br>- Трошоци по авторски договори за режија, сценографија, костимографија, композитор на музика и тон мајстор (481.894 денари), како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, реквизити, шминка, печатење на плакати и постери, телефон, пијалаци, разни материјали, пошта и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна |
| 3. | „Бог на масакрот“- автор Јасмина Реза, адаптација и режија Милош Андоновски (на македонски јазик) | 700.000 | 699.569 | **Проектот е реализиран со премиера на 27.04.2023 г.**<br>- Трошоци по авторски договори за режија, сценографија, костимографија, автор на текст (495.209 денари), како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, реквизити, шминка, печатење на плакати и постери, угостителски услуги, пијалаци, разни материјали, пошта и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна |
| 4. | Меѓународен фестивал на Тетовски театар 2023 | 600.000 | 599.410 | **Проектот е реализиран со премиера на 27.04.2023 г.**<br>- Трошоци по договори за режија, тон мајстор, светло, солист и фотограф (165.079 денари), како и фактури за транспчорт на опрема и патници, печатење на плакати и постери, угостителски услуги, разни материјали, пошта и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна |
| | **Вкупно I:** | **3.500.000** | **3.493.226** | |
| | **II Материјални трошоци и отпремнина** | | | |
| 1. | Материјални трошоци за | 100.000 | 100.449 | -Трошоци за телефони, канцелариски материјали, шиење на костими за проект, |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | работа на установата | | | објавување на огласи, разни материјали.<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 2. | Отпремнини и парична помош | 67.440 | 67.440 | - Исплатена е отпремнини за еден вработен<br>- Платено по Банковен извод бр. 12 од 12.05.2023 г. |
| **Вкупно II:** | | **167.440** | **167.889** | |
| **Вкупно I и II:** | | **3.667.440 денари** | **3.661.115 денари** | **- 6.325 денари вратени во Буџет** |

Според презентираната документација и изјавите на присутните лица, при надзорот е утврдено дека во текот на одржувањето на Меѓународниот фестивал на Тетовски театар 2023, за гостувањето на Градскиот тетатар „Хади Шеху“ од Ѓаковица, Косово (со претставата „Ало, ало“), поранешниот директор Беким Смаили, и исплатил во готово 1.500 евра на Албулена Бокши, директорка на Градскиот тетатар „Хади Шеху“, за превоз на учесници и сценографија (од Ѓаковица до Тетово и обратно), по Фактура од 23.10.2023 г., што е спротивно на одредбите од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ” бр. 34/01, 49/2001, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08 и 24/11) и Одлуката за начинот на вршење на платниот промет со странство на НБРМ („Службен весник на РМ” бр. 42/11). Поранешниот директор Беким Смаили и исплатил 1.500 евра на Албулена Бокши на 23.10.2023 г., на денот на одржувањето на претставата „Ало, ало“ во Тетово, а подоцна овие средства, односно 93.290 денари, се подигнати во готово од буџетската сметка на Театарот (Банковен извод бр. 40 од 28.11.2023 г.).
Оттука, со оглед дека исплатата по фактурата кон Градскиот тетатар „Хади Шеху“ од Ѓаковица, Косово е извршена спротивно на одредбите од Законот за девизно работење и Одлуката за начинот на вршење на платниот промет со странство на НБРМ, горенаведената исплата во готово на 93.290 денари претставува ненаменско трошење на дел од добиените средства од Буџетот на РСМ.

**<u>90 – Меѓународна дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Театарот за 2023 г. од областа меѓународната дејност, бр. 33-1722/1 од 24.02.2023 г. на Театарот му се одобрени средства во износ од **200.000** денари за Учество со претставата „Граѓанинот благородник“ на Меѓународен театарски фестивал во Анталија, Турција (којшто се одржал од 17-27.05.2023 г.). Меѓутоа, Театарот не побарал преведување на средства од Министерството за култура затоа што не го


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

реализирале гостувањето. Според изјавите на присутните лица, учеството на фетсивалот во Анталија не е реализирано од причина што средствата во износ од 200.000 денари не биле доволни за намирување на трошоците потребни за реализација на проектот.
Со Барање бр. 05-384/1 од 08.11.2023 г. (заведено во МК под бр.33-1722/2 од 09.11.2023 г.), Театарот побарал од Министерството за култура пренамена на одобрените средства од 200.000 денари за друг проект - Учество со претставата „Граѓанинот благородник“ на Албански театарски фестивал „Моисиу“ во Тирана, Албанија. Меѓутоа, со ново Барање бр. 03-409/1 од 17.11.2023 г. (заведено во МК под бр.33-10345 од 21.11.2023 г.), Театарот побарал од Министерството за култура сторнирање на претходното Барање за пренамена, од причини што нема да учествуваат на фестивалот во Тирана.
Со Допис од министерот за култура, бр. 33-10380/3 од 06.12.2023 г., Тетовскиот театар е известен дека Комисијата за меѓународна дејност за 2023 г. го разгледала Барањето на Установата и предложила барањето да се одбие и договорот да се раскине, со оглед на фактот дека Фестивалот е завршен, по што Министерството за култура еднострано го раскинува Договорот склучен со Театарот, бр. 33-1722/1 од 24.02.2023 година.

10.3. Ненамирени обврски

Според презентираната сметководствената документација, како и изјавите од присутните лица, при надзорот е утврдено дека Театарот има ненамирена обврска кон доверители по само една фактура од „Дино креатив“, Врапчиште, за печатење на постери за претставата „Осакатениот“, на износ од 6.400 денари. Според презентираната документација, налогот за исплата на повеќе фактури (меѓу кои и за „Дино кретаив“) бил доставен до Трезор на 25.12.2023 г., меѓутоа не била реализирана исплатата само на гореспоменатата фактура, од причини што на буџетската сметка, на програма 41, имало само 6.325 денари (односно недостасувале 75 денари за реализација на исплатата). Износот од 6.325 денари, на 31.12.2023 г. се вратени во Буџетот на РСМ.
Според изјавите на присутните лица, обврската кон „Дино креатив“ во износ од 6.400 денари ќе биде исплатена од сопствената сметка на Театарот.

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор:**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

1. Театарот ја реализирал годишната програма за работа на установата за 2023 година од областа на драмската дејност, но не и од областа меѓународната дејност, односно не е реализиран проектот Учество со претставата „Граѓанинот благородник" на Меѓународен театарски фестивал во Анталија, Турција. Театарот не побарал преведување на средства од Министерството за култура затоа што не го реализирале гостувањето. Според изјавите на присутните лица, учеството на фестивалот во Анталија не е реализирано од причина што средствата во износ од 200.000 денари не биле доволни за намирување на трошоците потребни за реализација на проектот. Од страна на Министерствоито за култура не се преведени средства за реализација на горенаведениот проект.

2. Преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, за реализација на проектите од драмската дејност и за материјални трошоци се потрошени наменски, освен износот од 93.290 денари (односно 1.500 евра) што поранешниот директор Беким Смаили и ги исплатил во готово на Албулена Бокши, директорка на Градскиот тетатар „Хади Шеху" од Ѓаковица, Косово за учествуво на Меѓународниот фестивал на Тетовски театар 2023 (за превоз на учесници и сценографија, по Фактура од 23.10.2023 г.), што е спротивно на одредбите од Законот за девизно работење и Одлуката за начинот на вршење на платниот промет со странство на НБРМ. Со оглед дека исплатата по фактурата кон Градскиот тетатар „Хади Шеху" од Ѓаковица, Косово е извршена спротивно на одредбите од Законот за девизно работење, горенаведената исплата во готово на 93.290 денари претставува ненаменско трошење на дел од добиените средства од Буџетот на РСМ, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон.

3. Театарот има постапено согласно со одредбите од Законот за културата во однос на доставување на полугодишни извештаи за реализација на годишната програма за работа на установата, како и на нацрт-годишните програма за работа на установата за 2022 и за 2023 година, меѓутоа за нацрт годишните програми се донесени без потребната согласност од страна на Управниот одбор, што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата. Управниот одбор на Тетарот


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

е нефункционален и нема кворум за работа, поради што при надзорот му е укажано на директорот Абдула Османи за потребата во најкус можен рок да достави предлог до Министерството за култура за именување на нови членови и претседател на Управниот одбор.

4. Поранешниот директор Беким Смаили не донел Годишна програма за работа на националната установа за 2023 г., иако требал тоа да го стори во рок од 15 дена од донесувањето на Решението на министерот за култура, УП1 бр. 20-196/2022 од 23.02.2023 година, со што е сторена повреда на член член 70 став (7) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 6 и став (2) од истиот Закон.

5. Поранешниот директор Беким Смаили не доставил Извештај за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа за 2022 година, а што бил должен да го стори во првиот квартал од 2023 година, со што е сторена повреда на член 70-б став (2) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 8 и став (2) од истиот Закон. При надзорот е утврдено дека Театарот доставил извештаи за реализација на проектите по дејности, како и за материјалните трошоци за работа на установата, но не доставил единствен годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на националната установа, којшто треба да содржи спецификација со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, што подразбира извештај и за приходите и трошоците од сметката за самофинансирачки активности на Театарот.

6. Поранешниот директор Беким Смаили не спровел постапка за реудиција на вработените актери во Театарот, со што е сторена повреда на член член 77-л од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 10 и став (2) од истиот Закон. Имено, согласно со обврската од член 77-л од Законот за културата, уметниците треба да се оценуваат со спроведување на постапка за реаудиција на секои 3 години, врз основа на постапка спроведена од комисија што ја формира директорот на установата, а досега во Театарот ниту еднаш не е спроведена постапка за реаудиција на уметниците. Поранешниот директор Беким Смаили бил директор 2,5 години (во периодот од 23.04.2021 г. до 20.10.2023 г.) и не споревел постапка за реаудиција, додека поранешниот в.д. директор Исмаил Ќерими (којшто бил в.д.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

директор само 2 месеца, во периодот од 20.10.2023 г. до 27.12.2023 г.), практично, не ни можел да спроведе реаудиција за актерите во Установата за толку кратко време, особено што веќе на 23.11.2023 г., од страна на Министерството за култура бил објавен јавен оглас за избор на директор на Театарот.

За горе утврдените неправилности, ќе бидат преземени следните инспекциски мерки:

- за утврдените неправилности од точките 2., 4., 5. и 6., односно за ненаменското користење на дел од добиените средства од Буџетот на РСМ во 2023 година, во износ од 93.290 денари (спротивно на член 70-а став (4) од Законот за културата), за недонесувањето на годишна програма за работа на националната установа за 2023 г. (спротивно на член 70 став (7) од Законот за културата), за недоставувањето на извештај за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа за 2022 година (спротивно на член 70-б став (2) од Законот за културата) и за неспроведувањето на постапка за реаудиција за уметниците во Установата (спротивно на член 77-л од Законот за културата), што се казниви по член 91-а став (1) алинеи 6, 7, 8 и 10, како и став (2) од истиот Закон, инспекторот ќе му предложи на поранешниот директор Беким Смаили, постапка за порамнување, со изрекување на глоба за сторен прекршок преку издавање на прекршочен платен налог, пред да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд согласно со Законот за прекршоците (доколку глобата не биде платена).

- Истовремено, согласно со член 85 т. 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, инспекторот ќе преземе мерка, односно ќе донесе решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилностите од точките 4., 5 и 6., односно директорот на Театарот да спроведе постапка за реаудиција за актерите во Установата (согласно со член 77-л од Законот за култура), како и да носи годишна програма за работа на националната установа и доставува извештај за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, согласно со обврските од член 70 став (7) и член 70-б став (2) од Законот за културата.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
Врз основа на наводите од извршениот инспекциски надзор од страна на ЗОРАН МАРКОЗАНОВ каде што е констатирано дека од страна на претходниот раководител на НУ "ТЕТОВСКИОТ ТЕАТАР" е извршено исплата на готово во износ од 93.290ден.
Согласно законот за благајничко работење секоја исплата од благајна се врши со каса исплати, каде се наведува исплатителот и примателот на средствата.
Имајќи таков документ не постоја во извештајот за благајничко работење на ТЕТОВСКИОТ ТЕАТАР, наводите во записникот се неосновани и се базираат на претпоставка.
Мислиме дека горенаведеното треба да се зема во предвид и истите да не бидат предмет на изложените презентирани наводи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Абдула Османи, директор | [потпис, печат] | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | [потпис, печат] |
| Датум: | 23.01.2024 г. | Датум: | 12.01.2024 г. |

Присутни при надзорот:
- Беким Смаили, актер, поранешен директор на Театарот [потпис]
- Исмаил Ќерими, раководител на Сектор за материјално-финансиски работи, поранешен в.д. директор на Театарот [потпис]


Министерство за културана Република Северна Македонија Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066 www.kultura.gov.mk